Душанка Панкова
Скопје

# ЛАВОТ И ГЛУШЕЦОТ

Во една шума живееше семејството Глувчовски. Тоа беше бројно семејство на глувци. Тие секојдневно се забавуваа пеејќи и играјќи и кажувајќи шеги и умни досетки. Највесел и најмудар од сите беше глувчето Мице.

Една вечер, додека тој го забавуваше своето семејство кажувајќи им загатки:

- Имам неколку лешничиња. Половината ќе ги дадам на мама, а половината од остатокот на тато. Мене ќе ми останат 45 лешничиња. Колку лешничиња имав во почетокот?

Во тој миг дотрча соседот Цивко и вознемирено извика:

- Не врevете толку многу, во близина е лавот Крале, кој многу сака вкусни глувчиња. Прибирајте се бргу дома!

Целото семејство почна да се прибира, а Мице смеејќи се им довикна:

- Не се тревожете! Јас не верувам дека е ова вистина и поради тоа ќе прошетам наоколу за да се уверам самиот.

Мајка му Мицка загрижено го погледна и му рече:

- Те молам Мице, не оди, опасно е! - но, тој само се насмевна, си нарами еден стап и замина.

Талкаше низ шумата неколку дена. Во шумата растеа 47 борчиња и 86 елки. Зимзелените дрвја сочинуваат седмина од сите стебла во шумата. Колку вкупно дрвја има во шумата?



Талкајќи така, Мице ниту виде трага ниту слушна глас од лавот Крале. Таман реши да се врати дома, кога одеднаш почувствува дека некој му го стапнал опашот. Се заврте налутен и подготвен за кавга, но пред себе здогледа огромни шепи. Ја крена главата и го виде лавот Крале. Тој целиот насмеан

му рече:

- Здраво, глувче! Гледам, си се подготвил за мојот ручек!

Мице се фрли на колена и извикна:

- Те молам, лаву Крале, прескокни ме затвојот ручек! Ти си голем и силен и потребен ти е обилен ручек. Јас сум толку малечок и слаб, што не можам да те заситам. Но, ти ветувам дека еден ден ќе ти помогнам! Те молам пушти ме!

Кога го слушна тоа, лавот Крале смеејќи се му рече:

- Ти си толку малечок и не можеш да ме заситиш, а можеш да ми помогнеш! Е, како тоа? Но, бидејќи си многу умен и културен, јас ќе те пуштам! Но, внимавај добро: ако за една седмица не дојдеш било како да ми помогнеш, ќе дојдам во твојот дом и сите ќе ве изедам!!

Колку денови ќе минат од денешното утро до утрото по 7 дена? А колку часови?

Откако го рече тоа, лавот Крале го пушти глувчето Мице, а тоа замина кон својот дом, сигурен дека ќе може да го одржи ветувањето. Попатно смислуваше нова загатка за своите пријатели:

Кој број е за 12 поголем од својата половина, а кој е за 30 поголем од својата четвртина?

По неколку дена, низ шумата се слушна дека еден ловец, по име Јове, е во потрага по лавот Крале. Тој насекаде низ шумата постави мрежи прекриени со лисја, испреплетени јажиња  и месо како мамка во стапиците. Ловецот Јове за 5 часа помина 20км низ шумата. Ако се движи со иста брзина, за колку часа ќе помине 32км? А колку км ќе помине за 9 часа?

Откако ги постави стапиците, Јове си замина со намера да се врати по неколку дена и да ги провери.

Утредента гладниот Крале талкаше низ шумата во потрага по храна. Под едно дрво здогледа парче сочно месо. То ј си помисли: „ Кој се храни поздраво, јас или глувчињата? Ако 1кг месо има 145г белковини, а 1кг сирење има 275г белковини, дали 10кг месо, што е доволно за еден мој оброк има повеќе белковини отколку 5кг сирење, што е доволно за цело глувчешко село?

Погледна наоколу внимателно и со голем скок скокна кон вкусниот залак. Но, штом стапна пред месото, се спушти стапицата, јажињата се затегнаа и тој беше фатен.

- Оф, сиромав јас, - наглас размислуваше, - како ќе излезам одовде?

Но, во близина минуваше глувчето Цивко, сосед на семејството Глувчовски, кој знаеше за ветувањето што го имаше дадено Мице. Тој брзо дотрча кај Мице и му раскажа што се случило. Мице в миг истрча од својот дом право кај заробениот Крале.



Лавот Крале обесхрабрено лежеше во стапицата. Мице брзо му пријде и почна да ги грицка јажињата од стапицата. Јажето долго 30м го прегриза на двадела така што едниот дел беше 4 пати подолг од другиот дел. Колкава е должината на секој дел од јажето?

Едно по едно, изгрицка неколку јажиња и лавот Крале беше ослободен. Се ракуваа како другари, а Мице му рече:

- Другарите треба да си помагааат! Ајде сега да прославиме! Те поканувам во мојот дом на гозба!

Вечерта во домот на семејството Глувчовски направија голема гозба и веселба. На гозбата беа поканети и други жители од шумата

Дојдоа 15 верверички, зајачиња и желки. Верверички имаше 12 повеќе отколку зајачиња. Колку желки имаше на гозбата?

Оттогаш, лавот Крале и глувчето Мице станаа неразделни пријатели.